КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП 17/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-1257/7 од 07.04.2014 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител З. М. лично, по одржан претрес, на ден 27.05.2014 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот З. М. именуван за подрачјето на Основниот суд во Т. со адреса на ул. ____ Т.

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот З. М. од Т. не ја води уредно н навремено евиденцијата во електронска форма, односно извршителот не ги скенира барањата за извршување, извршните исправи, ниту пак преземените дејствија од страна на извршителот (актите на извршителот односно издадените налози, заклучоци, службени белешки се сочувани како ворд документ) со што извршителот не постапува во согласност со член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евидннцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06. 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 148/11 и 187/13 );

2. Извршителот во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај тековните предмети не ги заведува преземените дејствија, со што не постапува во согласност со член 3 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 п 187/13)

со кои дејствија извршителот З. М. од Т. сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 „неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките “ **од продолжен вид**

па согласно чл. 54-б став 2 од Законот за извршување **му се изрекува** парична казна во висина од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот З. М. од Т. утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението

Образложение

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-1257/7 од 07.04.2014 година против извршителот З. М. од Т. е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на Извештај од редовен надзор над работењето на истиот УПП.бр.09-1257/3 од 31.03.2014 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 21.03.2014 година .

Предлог е со наводи кои го товарат извршителот З. М. од Т. дека не ја води уредно и навремено евиденцијата во електронска форма, односно извршителот не ги скенира барањата за извршување, извршните исправи, ниту пак ги скенира своите акти за преземените дејствија односно издадените налози, заклучоци, службени белешки наместо да ги скенира ги сочувува како ворд документ. Подносителот смета дека ваквото постапување на иззвршителот е спротивно на пропишаното со член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евидннцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06. 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 148/11 и 187/13 ) .

Предлагачот наведува дека извршителот во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и  2013 година кај тековните предмети не ги заведувал  преземените дејствија, со што не постапувал во согласност со пропишаното во член 3 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 п 187/13).

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплински повреди по член 54-г алинеја 4 од Законот за извршување "неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките " па предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител З. М. од Т. и да му се изрече соодветна мерка по ЗИ.

Извршителот З. М. во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден 27.05.2014 година по повод наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка наведе дека смета дека уредно и точно ја водел евиденцијата што е должен да ја води и при тоа истата е читлива и разбирлива со евдентирање на податоци за доверителот и должникот, извршната исправа врз чија основа се поднесува барањето за извршување и слично со точни генералии на странките, точно наведени адреси, извршни исправи, износи на кое е заведен предметот на извршување, односно податоци како што се наведени во барањето за извршување и извршната исправа врз основа на која е поднесено барањето за извршување. Понатаму, извршителот наведе дека треба да се земе во предвид фактот што надзорот вршен од страна на претставниците на Министерството за правда на РМ му бил прв спроведен редовен надзор над неговата работа и дека до сега не му било укажано за постоење на некои технички пропусти кои се јавуваат при работењето. Извршителот во своја одбрана истакна дека при спроведување на надзорот од негова страна било побарано Комисијата да му даде разумен рок во кој да ги отстрани недостатоците но кој предлог не му бил прифатен. Извршителот смета дека не треба да сноси дисциплинска одговорност поради фактот што не постои Упатство за тоа како се води Уписникот за примени барања а од друга страна ниту на семинар на извршители било укажано на кој начин се води евиденцијата. Понатаму наведе дека во моментот сите недостатоци констатирани во Извештајот за надзор биле отстранети од негова страна.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 27.05.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Извештај УПП.бр. 09-1257/3 од 31.03.2014 година на Министерство за правда ;

- Копие од Уписник за примени барања за извршување од 2012 година страна бр. 0000060, 0000061,0000063,0000093,0000098,00000039.;
- Копие од Уписник за примени барања за извршување од 2013 година страна бр.0000002, 0000053,0000129.;

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот во својата канцеларија води Уписник за примени барања за извршување кој ги содржи потребните рубрики утврдени во чл.5 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Во Уписникот за примени барања за извршување во делот со наслов Барање за извршување се внесуваат бројот на предметот, датумот, часот, вредноста на предметот и администрирање на предметот. Извршителот броевите на предметите уредно хронолошки ги заведува во уписникот, датумот и часот на прием на предметот ги заведува во уписникот по редоследот на прием на предметите.

Во Уписникот извршителот ги заведува вредноста на побарувањето, цената на администирање на предметот, понатаму извршителот во Уписникот ги заведува име и презиме на доверителот, адреса на живеалиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка, како и име и презиме на должникот, адреса на живеалиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка.

Во Уписникот извршителот уредно ги заведува во делот со наслов „Извршна исправа " бројот на предмет на извршната исправа, органот кој ја донел, датум на кој станала извршна и видот на побарување во однос на тоа дали се однесува на парично или непарично побарување.

Во делот на Уписникот со наслов „Списи“ во рубриката движење и во рубриката чување кај предметите извршителот внесува податоци односно внесува ознака а/а.

Во делот на Уписникот со наслов „Други податоци“ извршителот не запишува податоци.
Во делот на Уписникот за примени барања за извршувања со наслов „ПРЕВЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА“ извршителот не ги заведува уредно и ажурно превземените дејствија во предметот. Видно од копие од Уписник за примени барања за извршување од 2012 година страна бр. 0000060, 0000061,0000063,0000093,0000098,00000039 и копие од Уписник за примени барања за извршување од 2013 година страна бр.0000002, 0000053,0000129 извршителот не ги завел превземените дејствија во предметите И.бр.030/12,И.бр.031/12, И.бр.063/12, И.бр.068/12,И.бр.069/12, И.бр.407/12, И.бр.98/13, И.бр.135/13, И.бр.136/13, И.бр.137/13, И.бр.146/13, И.бр.147/13, И.бр.148/13, И.бр.149/13, И.бр.150/13.

Извршителот во поглед на делот на обврската за водење на евиденција во електронска форма, видно од извештајот УПП.бр. 09-1257/3 од 31.03.2014 година за извршен надзор кај извршителот се утврди дека по предметите И.бр.37/12, И.бр.104/13 и И.бр.196/13 не ги скенирал уредно примените барања за извршување, извршните исправи и останатата писмена документација од списи од предмет додека пак актите за превземените дејствија на извршителот по повод предметот извршителот не ги скенира туку ги чува во електронската евиденција како ворд документ, што всушност не го спори ни самиот извршител.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води а која не засега во правата на странките“ на начин што не ги евидентирал во соодветните рубрики во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 и за 2013 година податоците за превземените дејствија, што е спротивно на член 45 ст.1 од Законот за извршување. Комисијата е на мислење дека извршителот сторил продолжено дело кое му се става на товар по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води а која не засега во правата на странките“ на начин што во електронската евиденција не ги скенирал актите за превземените извршни дејствија со што извршителот постапил спротивно на член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за

извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06. 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 148/11 и 187/13 ).

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека евиденцијата ја водел на начин на кој ја водел од причина што нема Упатство од страна на Министерството за правда за начинот на водење на евиденцијата како и дека за истото не бил спроведен семинар на кој би се укажало на тоа како правилно се води евиденцијата во канцелариите на извршителите но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија. Ова од причина што согласно член 45 став 1 од ЗИ децидно е определено дека извршителот е должен да води евиденција за примените барања за извршување кои ги прима со што извршителот постапил спротивно на член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Тоа значи дека во Уписник за примени барања се содржани рубрики кои извршителот е должен да ги пополни со сите податоци кои бара Правилникот и самиот Уписник а со член 4 пак од Правилникот е предвидено дека евиденцијата се води по електронски пат и со скенирање на списите, па со оглед дека извршителот не постапувал согласно одредбидте од Законот за извршување и Правилникот па Дисциплинската Комисија оцени дека извршителот ги сторил повредите кои му се ставаат на товар од продолжен вид уште повеќе што се работи за поголем број на предмети и период од 2012 и 2013 година.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека извршителот не е претходно дисциплински казнуван како и особено ја ценеше околноста што по спроведување на надзорот до денот на главен претрес извршителот ги отстранил констатираните неуредности од кои причини му е изречена најниската казна предвидена за ова дело, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда како и фактот дека станува збор за извршител со поголемо искуство и бил должен и требал да го знае начинот на пополнување и водење на евиденција во канцеларијата на извршителот, па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 27.05.2014 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 од ЗИ в.в со чл. 61 ст.2 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител З. М. од Т. да плати на име парична казна износ во висина од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр._______ во С. банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија,
Претседател
Снежана Фитеска

Правна поука : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

Д.н.:Министерство за правда
Претседател на КИРМ
Извршител З. М. Т.
Архива